КОМЕСАР ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ

Кошаркарска Федерација на Северна Македонија

**ИЗВЕСТУВАЊЕ**

Почитувани,

1. Согласно членот 23, точка 3 од Регистрацискиот правилник на КФСМ, официјално е започнато пријавувањето на екипите кои ќе се натпреваруваат во сите сениорски лиги за сезона 2023/24 година. **Истото ќе трае до 1.09.2023 година.**

2. Согласно членот 40, алинеја 3, и член 41 од Правилникот за натпреварување во сениорските лиги, само екипите кои ќе ги имаат подмирено финансиските долгувања по разни основи од претходната натпреварувачка сезона 2022/23 година, ќе можат да се пријават за натпреварување во новата натпреварувачка сезона 2023/24 година.

3. Согласно членот 13, точка 1 од Регистрацискиот правилник на КФСМ, клубот е должен во пропишаниот рок до Регистрациската комисија на КФСМ да достави листа на играчи кои ќе настапуваат за клубот. Образецот можете да го најдете тука.

4. Согласно членот 13, точка 1.4 од Регистрацискиот правилник на КФСМ, со листата на играчи кои ќе настапуваат за екипата треба да бидат доставени и фотографии во дигитален формат од играчите, но и од службените лица на екипите (тренери, службени претставници, технички раководители, доктори, физиотерапевти и др.).
   Фотографиите треба да бидат направени на бела позадина, а играчите и службените лица облечени еднообразно во дресови, односно маички (кошули, блузони и др.) со обележја на клубот.

5. Согласно членот 36, точка 1 и точка 2 од Регистрацискиот правилник на КФСМ, играч до 21 годишна возраст (роден 1.01-31.12.2003 година) кој има право да настапува во сениорските лиги на КФСМ, може да настапува во друг клуб што се натпреварува во понизок ранг на натпреварување, со издавање на двојна лиценца, врз основа на писмена согласност на клубот каде играчот е регистриран.
   Еден клуб може да има најмногу 4 (четири) играчи со двојна лиценца во една натпреварувачка сезона родени 2003 година и помлади.
   **НАПОМЕНА:** Двојната лиценца престанува да важи заклучно со последниот натпревар од регуларниот дел од сезоната. Во завршниците од лигите, Супер лига и Плеј аут лига, односно Плеј-офот, четврфиналната фаза, полуфиналната фаза и финалната фаза, матичниот клуб на играчот кој настапува со двојна лиценца, мора да одлучи за кој клуб ќе продолжи да настапува играчот до крајот на првенството.

6. Висината на котизацијата за натпреварувањето во Втората лига мажи во новата 2023/24 сезона ќе изнесува 1.000 евра во денарска противвредност.
   Истата ќе мора да биде подмирена на две (2) еднакви рати, од по 500 евра, во денарска противвредност, или:
   - Прва рата до 1.10.2023 година,
   - Втора рата до 1.02.2024 година.

Поздрав,
Комесар за натпреварување
Александар Милојевиќ